СЛУЖ
НА ФЕДЕРАТИВНА НАР

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува секоја среда и по потреба, во српско, хрватско, словеначко и македонско издање. Огласи по тарифата. — Текукја сметка кај Народната банка на ФНРЈ бр. 101-900880. — Текукја сметка на Продавното одделение 101-670880.

Сабота, 29 април 1950
БЕЛГРАД
БРОЈ 32 ГОД. VI

Цена на овој број е 3.— дин. — Претплатата за цела 1950 годна изнесува 350.— динари. Редакција: Бранкова улица бр. 18—20. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 27-595, Продавно одделение 22-619, Сметководство 26-276, Експедиција 21-251.

265.

УКАЗ

ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ВЛАДАТА НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Врз основа на одлуката на заедничката седница на Сојузното векје и Векјето на народите на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија и врз основа на чл. 74 на Уставот, Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија

о б ј а в у в а

дека Народната скупштина на ФНРЈ, во смисла на чл. 77 од Уставот, ја именува Владата на Федеративна Народна Република Југославија во следен состав:

Претседател на Владата и Министер на народната одбрана Јосип Броз-Тито Маршал на Југославија;

Потпретседател на Владата, Министер на надворешните работи и Претседател на Советот за законодавство и изградба на народната власт Едвард Кардељ;

Потпретседател на Владата и Министер на внатрешните работи Александар Ранковиц;

Потпретседател на Владата и претседател на Комисијата на државната контрола др Благоје Нешковиц;

Министер на Владата на ФНРЈ Милован Гјилас;

Министер на Владата на ФНРЈ Сава Косановиц;

Министер на Владата на ФНРЈ Станоје Симиц;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Советот за култура и наука Родољуб Чолаковиц;

Министер на правосудието Фране Фрол;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Комитетот за заштита на народното здравје др Павле Грегорич;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Стопанскиот совет на Владата на ФНРЈ и Претседател на Сојузната планска комисија Борис Кидрич;

Министер на финансиите Добривоје Радосављевиц;

Министер на надворешната трговија инж. Милентије Поповиц;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Советот за енергетика и екстрактивна индустрија Светозар Вукманович;

Министер на тешката индустрија Франц Лескошек;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Советот за земјоделство и шумарство инж. Мијалко Тодорович;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Советот за сообраќај и врски Божидар Маслариц;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Советот за преработувачка индустрија Рато Дугоњиц;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Советот за градежништво Љубчо Арсов;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Советот за промет со стока Осман Карабегович;

Министер на трудот и Министер за новоослободените краишта Вечеслав Хоњевац;

Министер на железниците Тодор Вујасиновиц;

Министер на поморството Вицко Крстулович;

Министер на сообраќајот Влада Зечевиц;

Министер на поштите др Заим Шарац;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Комитетот за електростопанство инж. Никола Петровиц;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Комитетот за водостопанство др Васо Чубриловиц;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Комитетот за јаглен Антун Бибер;

Министер на Владата на ФНРЈ — Претседател на Комитетот за неметали Страхил Гигов;

Министер на Владата на ФНРЈ — Генерален директор на металургијата Вељко Мичуновиц;

Министер на Владата на ФНРЈ — Генерален директор за производство и преработка на нафта Милка Минич;

Министер на Владата на ФНРЈ — Генерален секретар на Владата на ФНРЈ Љубодраг Гјурич.

У. бр. 874
27 април 1950 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија

Секретар, **Миле Перуничиц, с. р.**

Претседател, **др Иван Рибар, с. р.**

266.

Врз основа на членот 30 од Уредбата за принадлежностите на државните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 83/47), а во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ и Претседателот на Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ, а по одобрение на Претседателот на Владата на ФНРЈ, прописувам

ПРАВИЛНИК

ЗА ПРЕМИСКИТЕ ДОДАТОЦИ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ШТО СЕ ЗАПОСЛЕНИ ВО ПРЕТРИЈАТИЈА ОД РЕСОРОТ НА ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВОТО

Општи одредби

Член 1

За службениците од претпријатијата во ресорот на електростопанството, што се запослени на работите од производството и дистрибуцијата на елек-

тричната енергија, на изградбата на електростопанските постројки и на работи за нормирање во електростопанството, се воведува премиски додаток за извршувањето на поодделни плански задачи, во висина и под условите што се прописани со овој правилник.

Овој премиски додаток не им припаѓа на службениците што примаат премиски додаток по Уредбата за премиските додатоци на раководителите од државните стопански претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 75/48).

Член 2

Премискиот додаток се дава за извршувањето на следните задачи:

а) за извршувањето на оперативниот план на изградба, ремонт или работилничко производство по обемот;

б) за спремност на постројката за редовно производство;

в) за искористување на водата;

г) за исполнување и надминување на планот на продуктивноста на работењето на работниците под раководство на односниот службеник;

д) за учество на работниците во работењето по нормите на работите од ремонт;

ѓ) за извршување на планот за поставање на нови работни норми, односно ревизија на постоечките работни норми;

е) за извршување планот за воведување норми на работните места; и

ж) за правилноста на работните норми

Член 3

За извршувањето на поодделните задачи од претходниот член службениците примаат премиски додаток ако вршат работи, односно функции што се предвидени во следните табели:

Работа, односно функција	Вид на задачата							
	Извршување на оперативниот план на изградба, ремонт или работилничкото производство по обемот.	Спремност на постројката за редовно производство.	Искористување на водата.	Исполнување и надминување на планот на продуктивноста на работењето на работниците под раководство на односниот раководител.	Учество на работниците во работењето по нормите на работите од ремонтот.	Извршување на планот на поставање нови работни норми односно ревизија на постоечките работни норми.	Извршување на планот со воведување норми на работните места.	За правилноста на работните норми.
1	2	3	4	5	6	7	8	9
	(задачите за кои што службеникот добива премија означени се со „+")							
I. Производство на електрична енергија								
1								
А. Термоелектрана								
1. Раководител на производство		+		+				
2. Раководител на смената		+		+				
3. Раководител на машинарницата		+						
4. Раководител на котларницата		+						
5. Раководител на електропостројката во електраната		+						
Б. Хидроелектрана								
1. Раководител на производството		+	+					
2. Старешина на смената		+	+					
3. Раководител на машинарницата		+						
4. Раководител на електропостројките во електраната		+						
II. Дистрибуција на електричната енергија								
1. Раководител на поодделни технички служби во претпријатието за дистрибуција на електричната енергија		+		+				
2. Раководител на самостојна теренска секција во претпријатието за дистрибуција на електричната енергија		+		+				
3. Раководител на самостојната техничка служба во рамките на теренската секција или самостојната трансформаторска станица		+		+				
III. Ремонт на електростопанските постројки								
1. Раководител на ремонтот	+	+		+	+			
2. Раководител на работилницата што е во склоп на електраната или дистрибутивното претпријатие	+			+				
IV. Изградба на електростопанските постројки								
1. Раководител на градбата на далекуводот	+			+				
2. Раководител на делницата на градбата на далекуводот	+			+				
3. Раководител на градбата на трансформаторска станица	+			+				

1	2	3	4	5	6	7	8	9
4. Раководител на работите за припрема работите и разработка на оперативниот план од градилиштето на монтажата од електростопанските постројки или во самостојна работилница		+		+				
5. Раководител на самостојна работилница или работилница во склоп на градилиштето	+			+				
6. Раководител на самостојната група за испитување или консолидација на теренот	+			+	+			
7. Раководител на градилиштето на монтажата од електростопанската постројка	+			+				
8. Технички раководител на градилиштето на монтажната од електростопанската постројка	+			+				
9. Раководител на специјализираната монтажна група на градилиштето на монтажата од електростопанската постројка	+			+				
V. **Нормирање**								
А. **Во производството на електричната енергија**								
1. Главен нормирец на претпријатието						+	+	+
2. Нормирец						+		+
Б. **Во изградбата, ремонтот или работилничкото производство**								
1. Главен нормирец на претпријатието						+	+	+
2. Нормирец						+		+

Пресметување процентот за извршувањето на планските задачи

Член 4

Процентот на извршувањето на задачите од оперативниот план на изградбата, ремонтот или работилничкото производство по обемот се добива кога остварените вредности се поделат со планираните и добивениот количник се помножи со 100.

Член 5

а) Процентот за извршување задачите на спремноста на постројката за редовно производство се определува по следниот образец:

$$S = \Sigma K \frac{N(h - h'_r - h_i)}{N(h - h_r)} \times 100$$

N = сила на поодделна постројка изразена во kVA. Доколку се работи за дел од постројката што не е со таа големина изразена, треба нејзиниот капацитет да се пресмета во kVA

h = 720 (број на часовите во еден месец)

h_r = планирани норми — часови на ремонт (ги опфаќаат и оние часови на ремонтот предизвикани со ненадејни испади)

h'_r = остварени часови на ремонтот

h_i = време на траењето на испадите од поодделлен дел на уредите во часови

K = коефицијент на техничката состојба на постројката кој што може да изнесува најповеќе 1,1. Висината на овој коефицијент ја определува надлежниот административно-оперативниот раководител за секоја електрана одделно, а спрема нејзината техничка состојба.

б) Изразот „S" од точката а) се употребува и за определувањето на процентот од погонската спремност на далекуводот и трансформаторските станици. Кај далекуводите вредноста „N" ја означува силата на трансформацијата, што е приклучена на односните далекуводи и изразена во kVA.

Кај трансформаторската станица „N" ја означува силата на уграденот трансформатор изразена во kVA.

в) Спремноста на постројката од дистрибутивното претпријатие се определува како во точката б). Коефицијентот „K" кај дистрибутивното претпријатие доврлува во оглед само за далекуводите на тешко пристапен терен и не може да ја премине вредноста од 1,1, а го определува административно-оперативниот раководител за секоја постројка одделно.

г) За случај во хидроелектраната да дојде до намалување на капацитетот поради големи води или мраз, се зема времето на траење на намалувањето капацитетот во образецот „S" од точката а) како време на планираниот ремонт.

Член 6

Процентот на извршувањето задачите за искористување на водите се определува така што вкупно произведената енергија во текот на еден месец ке се подели со можното производство на енергијата со оглед на тесното грло на електраната и ке се помножи со 100. Големината на тесното грло на електраната ја определува административно-оперативниот раководител по стварната состојба.

Член 7

Процентот на исполнувањето и надминувањето планот на продуктивноста на работењето се добива така што планираната норма на часовите за вршењето на некоја работа ке се поделат со остварените часови и помножат со 100.

Член 8

Процентот на извршувањето на задачите за учеството на работниците во работењето по нормите се добива така што собирот на работните часови на работниците што работат по нормите ке се подели со собирот на работните часови од сите работници со кои што раководи службеникот.

При определувањето на процентите од предниот став се земаат во оглед работните часови само на оние работници што работат на работните места дека е можно да се заведе работење по норми, а уште не е заведено. Тие работни места ги определува административно-оперативниот раководител.

Член 9

Процентот на извршувањето на планот за поставање на нови работни норми односно ревизијата на постоекјите норми се добива на следен начин:

Прво меѓусебе ке се измножат бројот на стварно поставените норми и бројот на деновите што е предвиден во планот за поставењето на нормите.

Потоа меѓусебе ке се измножат бројот на нормите што е предвиден со планот за поставање и бројот на деновите за кои што се поставени нормите дејствително.

Со вака добивениот број ке се подели добивениот број споменат во предниот став и ке се помножи со 100.

Нормите се поставени дури тогаш кога ке ги потврди надлежниот орган.

Член 10

За извршување задачата на планот за воведување норми на работните места на работилиштето за кое што службеникот ги нормира работите, се добива процентот на следен начин:

Прво меѓусебе ке се измножат бројот на дејствително воведените норми со бројот на работните места на кои што се воведени нормите.

Потоа меѓусебно ке се измножат бројот на нормите што се предвидени со планот за воведување со бројот на работните места што е предвиден во планот за воведување. Со така добивениот број ке се подели бројот од претходниот став и ке се помножи со 100.

Член 11

Процентот на извршувањето задачите на правилноста на работните норми се добива на следен начин:

Прво по поодделните видови на работните норми (било да се состоат од еден или од повеќе позиции или фази на работење) ке се пресмета процентот на извршувањето, и тоа кај нормата на времето така што ке се поделат меѓусебе со нормата утврдените часови и остварените часови и ке се помножат со 100, а кај нормата на учинокот што ке се подели меѓусебе остварената количина и со нормата утврдената количина и ке се помножи со 100.

Процентот на извршувањето на работните норми на работниците за кои што нормирецот ја врши службата на нормирање се добива така што ке се соберат сите извршувања на работните норми и се поделат со бројот на нормите, т. е. што ке се определи просечно извршување на работните норми.

Утврдување висината на премискиот додаток

Член 12

Премискиот додаток се пресметува со помошт на пресметковниот фактор и коефициентот.

Пресметковниот фактор преставува основа по која што се врши пресметувањето на премискиот додаток, а коефицијентите се броеви со кои што се изразува висината на премискиот додаток спрема процентот на извршувањето на поодделните задачи и спрема функцијата, односно работата.

Спрема важноста и тежината на работите, потребната стручна спрема и обемот на одговорноста Министерот на електростопанството на ФНРЈ ке определи, во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ и со Секретарот на Владата на ФНРЈ за персонална служба, пресметковни фактори за пресметување на премискиот додаток, со тоа вредноста на најголемиот пресметковен фактор да не може да премине 54.

Коефициентите се изразени во табелите А и Б.

Член 13

Висината на премискиот додаток се одредува на следниот начин:

Прво се установува за која задача службеникот се премира (табела во членот 3) и процентот на извршената задача.

Врз основа на овој процент се пронајдуваат коефициентите за исполнување на секоја задача поодделно во соодветните рубрики на табелата А од чл. 12. Потоа се пронајдуваат коефициенти со оглед на работите кои што службеникот ги врши односно функции кои што ги врши, од табелата Б во членот 12 по секоја поедина задача.

Со множење на секој поодделен коефициент од табелата А во членот 12 со соодветниот кефициент од табелата Б во истиот член се добиваат вредностите што се собираат меѓусебе. Собирот се множи со пресметковниот фактор и со ефективниот број на часовите во текот на месецот, што го дава износот на премискиот додаток за односниот службеник.

Член 14

Ако службеникот по едните задачи ги исполни условите за примање на премискиот додаток, а по другите ги потфрли, коефициентите од табелата А за потфрлените како негативни вредности се одбиваат од позитивните.

Член 15

Ако службеникот врши повеќе работи односно повеќе функции, премискиот додаток се одредува за исполнување на секоја задача која што е врзана за таа работа, односно функција, со тоа по истата задача да не може да се утврдува два пати.

Исплата на премискиот додаток

Член 16

На службениците што примаат премиски додаток по овој правилник им припаѓа полн износ од основната месечна плата, а премискиот додаток се исплатува по правило месечно уназад, најдалеку до 20-иот во месецот.

Ако се врши исплатата на премискиот додаток за пресметковниот период подолго од еден месец, ке се исплати месечна аконтација.

Директорот на претпријатието донесува решение за исплатата на премискиот додаток и за аконтацијата.

Член 17

Службениците што се отсутни од должноста, по правило, не примаат премиски додаток.

Исклучително овој додаток ке се исплати на службеници што се отсатни од должноста во следните случаи:

1. Ако се навогјаат на службено патување пократко од 15 дена;
2. Ако користат редовен годишен одмор;
3. Ако проведат на болување најповеќе 15 дена, и
4. Во случај на други оправдани изостанувања, а најповеќе до три дена во месецот.

Завршни одредби

Член 18

Премиските додатоци по ордедбите од овој правилник можат да се исплатуваат само на службениците од оние претпријатија кај кои што се води евиденција врз основа на која што можат да се утврдат точни податоци за извршувањето на поодделните задачи.

Решение за тоа да ли претпријатието обезбедило таква евиденција донесува административно-оперативниот раководител.

Член 19

Административно-оперативните раководители должни се да вршат контрола над правилното применување на прописите од овој правилник.

Ако се утврди кај поодделни претпријатија дека евидентираните податоци не се точни или да не се потполни, административно-оперативниот раководител ке нареди да се обустави исплата на премискиот додаток на службениците од тие претпријатија.

Член 20

Министерот на електростопанството на ФНРЈ ке пропише дијаграми врз основа на кои што сите претпријатија ке ги изнајдуваат коефициентите за оние проценти на извршување на поодделните задачи, што не се содржани во табелите А и Б во членот 12.

Член 21

На службениците на кои што се применува овој правилник не може да им се доделуваат посебни лични додатоци по точките 1, 2, 3, 4 и 5 од членот 2 од Правилникот за посебните лични додатоци на државните службеници.

Исплатата на премискиот додаток паѓа на терет на фондот на платите.

Табела А

(Коефициенти за извршување поодделни задачи)

Задача	Процентот на извршувањето													
	60	70	80	90	95	100	105	110	115	120	125	130	140	150
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15
а) за извршување оперативниот план на изградба, ремонт или работилничко производство по обемот	−0,2	−0,17	0,14	−0,5	0,0	+0,2	+0,25	+0,3	+0,305	+0,31	+0,315	+0,32		
б) за спремноста на постројката за редовното производство:														
1. во термоелектрана и дистрибуција	0,4	−0,35	0,3	0,0	+0,15	+0.30								
2. во хидроелектрана					+0,1	+0,2								
в) за искористување на водата			+0,09	+0,14	+0,17	+0,20								
г) за исполнување и надминување на планот на продуктивноста и работењето на работниците				−0,15	0,07	0,0	+0,045	+0,09	+0,125	+0,16	+0,195	+0,21	+0,30	+0,31
д) за учество на работниците во работата по нормите	0,17	0,14	0,09	+0,08	+0,15	+0,30								
ѓ) за извршување на планот за поставање нови работни норми, односно ревизија на постоекјите работни норми				+0,05	+0,08	+0,10	+0,12	+0,15						
е) за извршување на планот со воведување норми на работните места	0,2	−0,15	0,10	0 0	+0,05	+0,08								
ж) за правилност на работните норми				+0,20	+0,22	+0,25	+0,20	+0,15	+0,10	+0,08	+0,06	+0,04		

Табела Б

(Кефициенти за определување висината на процентот од табелата А спрема работата односно функцијата на службеникот)

работа, односно функција	Вид на задачата: Извршување на оперативниот план на изградбата, ремонтот или работилничкото производство по обемот.	Спремност на постројката за редовно производство.	Искористување на водата.	Исполнување и надминување на планот на продуктивноста на работењето на работниците под раководство на односниот раководител.	Учество на работниците во работењето по нормите на работите од ремонтот.	Извршување на планот на поставање нови работни норми односно ревизија на постоечките работни норми.	Извршување на планот со воведување норми на работните места.	За правилноста на работните норми.
1	2	3	4	5	6	7	8	9
I. Производство на електрична енергија								
А. Термоелектрана								
1. Раководител на производство		1,0		0,7				
2. Старешина на смената		0,9		0,5				
3. Раководител на машинарница		0,8						
4. Раководител на котларница		0,8						
5. Раководител на електропостројки во електраната		0,8						
Б. Хидроелектрана								
1. Раководител на производството		1,0	1,0					
2. Старешина на смената		0,9	0,9					
3. Раководител на машинарница		0,8						
4. Раководител на електропостројки во електраната		0,8						
II. Дистрибуција на електричната енергија								
1. Раководител на поедини технички служби во претпријатието за дистрибуција на електричната енергија		1,0		0,7				
2. Раководител на самостојна теренска секција во претпријатието за дистрибуција на електрична енергија		0,7		0,8				
3. Раководител на самостојна техничка служба во рамките на теренска секција или самостојна трансформаторска станица		0,6		1,0				
III. Ремонт на електростопански постројки								
1. Раководител на ремонт	1,0	1,0		0,7	0,7			
2. Раководител на работилницата во склоп на електрана или дистрибутивно претпријатие	0,7			0,5				
IV. Изградба на електростопанските постројки								
1. Раководител за градбата на далекувод	1,0			0,8				
2. Раководител на делницата за градба на далекувод	0,6			1,0				
3. Раководител на градбата на трансформаторска станица	1,0			0,8				
4. Раководител на работи за приготвување на работи и разработка на оперативниот план на градилиштето за монтажа на електростопански постројки или во самостојна работилница	0,5			0,5				
5. Раководител на самостојна работилница или работилница во склопот на работилиштето	1,0			0,5				
6. Раководител на самостојна група за испитување или консолидација на теренот.	1,0			1,0	0,7			
7. Раководител на работилиште за монтажа на електростопански постројки	1,0			1,0				
8. Технички раководител на градилиштето за монтажа на електростопански постројки	0,9			0,9				
9. Раководител за специјализирана монтажна група на градилиштето за монтажа на електростопански постројки	0,8			0,8				
V. Нормирање								
А. Во производство на електрична енергија								
1. Главен нормирец на претпријатието						1,0	1,0	1,0
2. Нормирец						0,8		0,8
Б. Во изградба, ремонт или работилничко производство								
1. Главен нормирец на претпријатието	0,5					1,0	1,0	1,0
2. Нормирец						0,8		

Член 22

Поблиски напатствија за спроведувањето на овој правилник ке пропише по потреба Министерот на електростопанството на ФНРЈ.

Член 23

Министерот на електростопанството на ФНРЈ во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ, може да воведува премиски додатоци и за извршувањето на други задачи освен оние што се предвидени со членот 2 од овој правилник може да ги укинува постоечките задачи и да воведува инаков распоред на задачите, како и да одредува инаков однос при учеството во извршувањето поодделни и да ги менува коефициентите.

Член 24

Надлежниот член на Владата на ФНРЈ, во согласност со Министерот на електростопанството на ФНРЈ, може да одлучи прописите од овој правилник да се применуваат и на службениците што се запослени во производството и дистрибуцијата на електричната енергија и изградбата на електростопанските постројки во другите сојузни ресори доколку за тоа има услови што се предвидени со овој правилник.

Одлуки од предниот став ке се регистрираат во Секретаријатот на Владата на ФНРЈ за персонална служба.

Член 25

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", а ке се применува од 1 јануари 1950 година.

Бр. 1309
10 јануари 1950 година
Белград

Министер на електростопанството
на ФНРЈ,
инж. **Никола Петрович**, с. р.

Претседател на стопанскиот
совет на Владата на ФНРЈ,
Борис Кидрич, с. р.

Согласни:
Застапник на Министерот на финансиите
на ФНРЈ,
Министер на надворешната трговија на ФНРЈ,
инж. **Милентије Попович**, с. р.
Претседател на Комитетот за законодавство и
изградба на народната власт на Владата
на ФНРЈ,
Едвард Кардељ, с. р.
Одобрувам,
Претседател на Владата на ФНРЈ и
Министер на Народната одбрана
Маршал на Југославија,
Јосип Броз-Тито, с. р.

267.

Врз основа на членот 12 од Правилникот за премиските додатоци на службениците што се запослени во претпријатија од ресорот на електростопанството, а во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ и Секретарот на Владата на ФНРЈ за персонална служба, донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ ФАКТОР ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО НА ПРЕМИСКИТЕ ДОДАТОЦИ ЗА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ШТО СЕ ЗАПОСЛЕНИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ОД РЕСОРОТ НА ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО

I. Пресметковниот фактор е основица по која што се врши пресметувањето на премискиот додаток а се определува спрема големината и значењето на претпријатието во кое што е запослен службеникот на кој што му се дава премискиот додаток.

Пресметковниот фактор не може да ја премине вредност 54, а за поодделни видови претпријатија изнесува:

А. Претпријатија за производство електрична енергија:

1. Термоелектрани:

	Пресметковен фактор
Термоелектрана од вкупна инсталисана сила од 100—500 kw	43
Термоелектрана од вкупна инсталисана сила од 501—5000 kw	46
Термоелектрана од вкупна инсталисана сила од 5001—20000 kw	50
Термоелектрана од вкупна инсталисана сила над 20.000 kw	54
2. Хидроелектрани:	
Хидроелектрана од вкупна инсталисана сила до 1000 kw	32
Хидроелектрана од вкупна инсталисана сила од 1001—10000 kw	34
Хидроелектрана од вкупна инсталисана сила над 10000 kw	38
Б. Претпријатија за дистрибуција на електричната енергија:	
1. Со постројки на погонски напон вклучително 35 kV	45
2. Со постројки на погонски напон над 35 kV	50
В. Претпријатија за изградба односно ремонт на електростопанските постројки:	
1. Претпријатие за термомонтажа, односно ремонт на термопостројки:	
Во постројка од вкупна инсталисана сила од 100—500 kw	43
во постројка од вкупна инсталисана сила од 501—5000 kw	46
во постројка од вкупна инсталисана сила од 5001—20000 kw	50
во постројка од вкупна инсталисана сила над 20000 kw	54
2. Претпријатие за хидромонтажа, односно ремонт на хидропостројки:	
во постројка од вкупна инсталисана сила до 1000 kw	46
во постројка од вкупна инсталисана сила од 1001—10000 kw	50
во постројка од вкупна инсталисана сила над 10000 kw	54
3. Претпријатие за електромонтажа, односно ремонт на електропостројки (опфаќа и електрични развод во електраните):	
за постројки на низок напон	43
за постројки вклучително 35 kV	46
за постројки над 35 kV	50
Г. Работи на нормирање:	
1. Нормирање во производствено претпријатие	54
2. Нормирање во претпријатие на изградба, монтажа, односно ремонт	32

II. За самостојни погони или градилишта од едно претпријатие важи оној пресметковен фактор од горната скала, што би одговарал на дотичната единица ако би била самостојно претпријатие.

За управата на претпријатие со повеќе самостојни погони или градилишта се зема најголемиот пресметковен фактор што важи за една од тие негови единици.

III. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", а ке се применува од 1 јануари 1950 година.

Бр. 3966
16 март 1950 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Комитетот
за електростопанство на Владата на ФНРЈ,
инж. **Никола Петрович**, с. р.

Согласен:
Го застапува
Министерот на финансиите на ФНРЈ
Министер на надворешната трговија на ФНРЈ,
инж. **Милентије Попович**, с. р.

Министерството за наука и култура на ФНРЈ, по извршеното сравнување со изворниот текст, установило дека во Правилникот за повишиците на основната плата спрема годините на службата, за положајните додатоци и хонорари за службениците од просветно-научната струка, објавен во „Службениот лист на ФНРЈ" бр. 26 од 8 април 1950 година, се поткрала долу наведената грешка и дава следна

ИСПРАВКА

НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОВИШИЦИТЕ НА ОСНОВНАТА ПЛАТА СПРЕМА ГОДИНИТЕ НА СЛУЖБАТА, ЗА ПОЛОЖАЈНИТЕ ДОДАТОЦИ И ХОНОРАРИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ОД ПРОСВЕТНОНАУЧНАТА СТРУКА

На крајот на чл. 17 наместо точка (.) треба да стои запирка (,) и зборови „освен одредбите за премиските додатоци што остануваат во важност додека не се донесат нови прописи."

Бр. 912. — Од Министерството за наука и култура на ФНРЈ, 24 април 1950 година.

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

СЛУЖБЕНИ ЛИСТ АУТОНОМНЕ ПОКРАЈИНЕ ВОЈВОДИНЕ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени лист Аутономне Покрајине Војводине Народне Републике Србије" во бројот 6 од 1 април 1950 година објавува:

Решение за измената на називот на водните управи во Автономната Покрајина Војводина;

Решение за основање на Урбанистичкиот завод во Автономна Покрајина Војводина;

Решение за основање покрајински антитрахомски диспензери во Вршац и Сремска Митровица;

Решение за основање Ветеринарско-бактериолошки завод во Нови Сад;

Решение за основање школа на болничарките во Суботица;

Решение за измени и дополненија на Решението за установување на бројот и месната надлежност на околиските и окружните судови на територијата на Автономната Покрајина Војводина;

Решение за изменувања и дополнувања на Одлуката за утврдување бројот на судиите и судии-поротници на околиските народни судови на територијата на Автономната Покрајина Војводина.

СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ БОСНЕ И ХЕЦЕГОВИНЕ

„Службени лист Народне Републике Босне и Херцеговине" во бројот 14 од 8 април 1950 година објавува:

Правилник за изменувања и дополнувања на Правилникот за издршка на течаите на основните знаења и полагањето на испитите на овие течаи;

Решение за болницата за трахома во Пале;

Решение за Детската болница за туберкулоза на плукјата во Баковикји;

Решение за дополнување на решението за висината на хонорарот на наставниците од течаите на основните знаења;

Решение за одредувањето на износот на трошковите за издршката на деца во детските јасли.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија" во бројот 8 од 15 април 1950 година објавува:

Уредба за задолжителниот откуп на компир во економската 1950/51 година;

Уредба за задолжителниот откуп на грав во економската 1950/51 година;

Уредба за задолжителниот откуп на оризовата арпа во економската 1950/51 година;

Уредба за изменувања и дополнувања на Уредбата за данокот на доход;

СОДРЖАЈ:

Страна

265. Указ за образување Владата на Федеративна Народна Република Југославија — 621
266. Правилник за премиските додатоци на службениците запослени во претпријатијата од ресорот на електростопанство — 621
267. Решение за одредување на пресметковниот фактор за пресметување на премиските додатоци на службениците запослени во претпријатијата од ресорот на електростопанството — — — — — — — — 627

Исправка на правилникот за повишиците на основната плата спрема годините на службата, за положајните додатоци и хонорарите за службениците од просветно-научната струка — — — — — — — — — — — 628

Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" новинарско издавачко претпријатие — Белград Бранкова ул бр. 20. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Неделковиќ, Мајке Јевросиме бр. 20. — Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград